РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став 1 и став 7 и член 23 став 1 и став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019, постапувајќи по пријава од непознати подносители, Државната комисија за спречување на корупцијата на 27 -та седница одржана на ден 14 Февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Постапката покрената по пријава бр. 12-5505/1 од 03.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители - група ------------ во ------------ ------------ - -------------- ------------- со која се изразени сомневања и се посочува на коруптивни дествија сторени од службено лице поранешен директор на наведената --------------------------, со оглед на фактот што на пријавениот случај постапил друг - надлежен орган во Република Северна Македонија, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-5505 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-5505/1 од од 03.12.2019 година.

Предметот со број 12-5505 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-5505 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-5505/1 од 03.12.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознати подносители -------------------- во ------------- ---------- --------- ----------- - Скопје .

Со пријавата се посочува на коруптивни дествија – злоупотреби на службената положба и овластувањата сторени од службеното лице ---------- -----------, ---------- ------------ на наведената ------------ ------------- во периодот од ----------- 2013 до ---------- 2017 година, со акцент на вршењето на ----------------------------, ------------------------------------------------------------------------------------------------как и на незаконитости и недокументираност на ------------------------- во посочениот период .

При постапувањето по предметниот пријавен случај Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) ги зема во предвид наводите на подносителите, како е погоре наведено, а напоредно со тоа изврши и соодветни проверки по однос на нивната веродостојност и основаност. Имено, за утврдување на целосната фактичка состојба во предметниот пријавен случај Државната комисија презема процесни дејствија - достава на барања заради прибавување на податоци и информации од Основното јавно обвинителство --------------- и од Министерството ---------------- – Сектор ----------------------.

MQS
Partner of Quality Austria

Бр. 12-720/5
17.02 год. 2020

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на податоците и информациите содржани во прибавените списи од Основното јавно обвинителство ------------ Државната комисија за спречување на корупцијата утврди дека овој државен орган во рамки на своите надлежности постапил по кривична пријава со иста/слична содржина и наводи како во пријавата доставена до ДКСК и дека по барање на ова Јавно обвинителство од страна на Министерството за --------------------- се извршени соодветни проверки по наводите против наведеното службено лице, дека бил прибавен записник за извршен вонреден инспекциски надзор и биле спроведени сослушувања на сведоци, како и дека последователно, врз основа на утврдената состојба, – на ден ---------------- година е/била донесена јавнообвинителска одлука дека по однос на предметниот случај нема место за јавнообвинителска интервенција.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите од пријавата на подносителите не се потврдуваат и дека се истите неосновани, дотолку повеќе и дека на овој пријавен случај, како е погоре наведено, постапил друг - надлежен орган во Република Северна Македонија.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 07 Февруари 2020 година под бр. 12-** 720/5

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик претседател,**
**Катица Николовска**

Доставено до :
- Архива


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk